# Пробација по прекин на изречената затворска казна

## Фиксен термин за добивање условен отпуст

## - Возрасни-

**Предуслов**

**2/3**

- Отслужени две третини од изречената казна (најмалку 2 месеци)
- Не претставува опасност по безбедноста на општеството
- Согласност од осуденото лице

**½**

- Отслужена една половина од наметнатата казна (најмалку 6 месеци)
- Затворска казна до 2 години
- Прва затворска казна
- Добра прогноза во однос на безбедносниот ризик во однос на општеството

- **Член 57 Прекин на издржувањето на изречената затворска казна**
- (1) Судот ќе го прекине издржувањето на остатокот од изречената затворска казна и ќе даде условен отпуст, доколку :
- 1. издржани се две третини од изречената казна, но преостануваат не помалку од два месеци;
- 2. не претставува опасност по безбедноста на општеството; и
- 3. на ова се согласува осуденото лице.
- Нештата што ќе се земат предвид во донесувањето на одлуката се: личноста на осуденото лице, казнената евиденција, околностите во кои било сторено делото, важноста на правниот интерес кој е под закана во случај на рецидивизам, поведението на осуденото лице за време на издржување на казната, условите на живот и ефектите што може да се очекуваат како резултат на условното ослободување.
- (2) По издржување на половина од казната, која не е покуса од шест месеци, судот може го прекине издржувањето на остатокот од казната и да даде условен отпуст, доколку:
- 1. осуденото лице за прв пат издржува затворска казна и истата не е подолга од две години; или
- 2. сеопфатната процена на делото, личноста на осуденото лице и неговиот развој при издржување на казната открива дека постојат посебни околности, и исполнети се преостанатите услови од став (1).
- (3) Член 56а до 56g соодветно ќе се применуваат; пробацискиот период, дури и ако понатаму биде скратен, не смее да биде покус отколку остатокот од казната. Доколку осуденото лице издржало најмалку една година од казната пред да биде прекината и да биде условно отпуштено, тогаш судот, по правило, изрекува заштитен надзор од страна на пробациски службеник во тек на целиот условен период или дел од истиот...

**Член 56а Пробациски период**

(1) Судот ја определува должината на пробацискиот период. Овој период не смее да биде подолг од пет години и покус од две години.

**Член 56с Обврски**

(1) Судот изрекува обврски за осуденото лице во тек на пробацискиот период, доколку на лицето му е потребна помош да не прави кривични дела. Притоа на осуденото лице не треба да му се задаваат неразумни обврски кои ќе го попречуваат секојдневниот живот.

# Пробација по прекин на изречената затворска казна

# - Малолетници -

## Фиксен термин за добивање условен отпуст

## - Малолетници -

### Предуслови

• пробацијата е добра за развој на малолетните лица
• безбедност на општеството

### Дополнителни предуслови

• Во случај да не се издржани повеќе од 6 месеци од казната, условен отпуст може да се добие само ако постои „особено важна причина“
• Во случај затворската казна да е подолга од 1 г.: Да е издржана најмалку една третина од казната

**Член 88 од Закон за судски постапки со малолетници:**

**Прекин на остатокот од затворска казна**

(1) Судијата за извршување санкции може да го прекине издржувањето на остатокот од малолетничкиот затвор доколку осуденото лице отслужило дел од казната и прекинот може да се образложи како потребен за развој на малолетното лице, како и согласно интересот на општеството, во однос на одржување на безбедноста.

(2) Во случај да не се издржани повеќе од 6 месеци од казната, условен отпуст може да се добие само ако постои особено важна причина. Во случај казната малолетнички затвор да е подолга од една година, условен отпуст е возможен само толку осуденото лице издржало една третина од казната.

(3) Во случаите наведени во став 1 и 2, судијата треба да донесе одлука доволно рано за да овозможи извршување на мерките потребни за да се подготви осуденото лице за живот по ослободувањето. Тој може да ја отповика својата одлука сѐ додека осуденото лице не биде ослободено, доколку нови или последователно обелоденети факти во однос на развојот на младата личност се откријат, имајќи ги предвид и безбедносните интереси на пошироката јавност…

Согласно во законот за судски постапки со малолетници и за разлика од правилата за пробација на возрасни лица, судот мора задолжително да назначи пробациски службеник.

# Пробација по прекин на изречената затворска казна

## Доживотен затвор

**Предуслови**

**15 години**

- сериозноста на вината за стореното дело не бара континуирано затворање
- Не претставува опасност по безбедноста на општеството
- Согласност од осуденото лице

**Член 57а Прекин на изречената доживотна затворска казна**

(1) Судот го прекинува издржувањето на остатокот од доживотната затворска казна, доколку:

1. Издржани се петнаесет години од казната;

2. Сериозноста на вината за стореното дело не бара континуирано затворање; и

3. Исполнети се условите наведени во член 57, став (1), алинеја 1, 2 и 3. Член 57 став (1), алинеја 2 и став (5) ќе се применуваат соодветно.

(2) Секое лишување од слобода претрпено од осуденото лице како резултат на делото, се квалификува како казна изречена во смисла на потточка (1), реченица 1, бр. 1

(3) Периодот под пробација се изрекува на 5 години. Член 56а, став (2), алинеја 1, член 56b до 56g и член 57, став (3), алинеја 2, се применуваат соодветно.

(4) Судот може да определи рокови не подолги две години, пред истекот на кои осуденото лице не може да поднесе молба за условен отпуст.

За разлика од праксата за определување на пробацискиот рок, истиот треба да трае 5 години и <u>задолжително</u> се назначува пробациски службеник што ќе врши заштитен надзор.

# Подготовка за условен отпуст

**Начела:**

Навремената подготовка за отпуст е особено важна за **реинтеграција** на осудените лица во општеството.

Органите одговорни за извршување на санкции имаат задача да се осигурат дека осудените лице добиваат постојана грижа која им помага, дури и по отпустот, да водат социјално одговорен живот без повторништво (Чл. 68 став 2 од Закон за затворски процедури во Долна Саксонија - NJVollzG).

Со цел да се подготват за отпустот, осудените лица мора да добијат совети за тоа како можат да ги организираат личните, финансиски и социјални прашања (Чл. 69 став 3 алинеја 1 NJVollzG).

Осудените лица добиваат поддршка во наоѓањето на работа, сместување и лична помош во периодот непосредно по отпустот (Чл. 69 став 3, алинеја 3, NJVollzG).

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

## Подготовка за условен отпуст

**Начела:**

Поддршката е особено потребна во следните аспекти:

- Барање на живеалиште,
- Барање на клиники, советодавни центри или контакт лица што работат со сторители на кривични дела,
- Потрага по стручно оспособување или вработување,
- Спроведување на побарувања за надоместок за невработеност, здравствено осигурување и детски додаток и други придонеси, како и остварување на правото на пензија и осигурување,
- Обезбедување на лични исправи, сертификати за вработување и документи за осигурување,
- Подмирување на комунални трошоци, долгови, поправки и други неподмирени трошоци.

**"Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

## Подготовка за условен отпуст

**Начела:**

- Помошта при отпустот е насочена кон оспособување на осудените лица самите да се справуваат со сопствените обврски и потреби, колку што е тоа возможно (Чл. 68 став 1 NJVollzG). Започнува што е можно порано, пред да се усвои решението за отпуст.
- Решението за условен отпуст на осуденото лице треба да се донесе што е можно порано за да може навремено да се извршат сите подготовки.
- Доколку на осудените лица им се изрече заштитен надзор и пробациски службеник, за процесот на реинтеграција по отпустот особено е важно пробациската служба и службата одговорна за спроведување на отпустот да ја подготви програмата навремено и што е можно порано

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

## Подготовка за условен отпуст

**Улога на затворската служба во случај на условен отпуст**

- Казнено поправната установа има обврска по поднесена молба од осудените лица да поднесе мислење за прекин на издржувањето на затворската казна. Мислењето треба да се осврне на личноста на осудените лица, нивното однесување за време на издржување на казната, развојот, животните услови, особено доколку постои некаква зависност, и каков ефект се очекува прекинот на издржување на казната да има врз нив.

- Доколку казната е изречена за дела како сексуална злоупотреба, изнудување сексуални услуги, силување, убиство од сексуални побуди или дело сторено под дејство на опојни супстанции, мислењето треба да содржи опис на претходно применет третман и резултатите од истиот, и доколку е применливо, дали постои потреба за спроведување или продолжување на психотерапевтски или друг тип третман под надзор на пробацискиот службеник или органот задолжен за надзор по отпустот.

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

## Подготовка за условен отпуст

**Улога на затворската служба во случај на условен отпуст**

- Доколку барањето биде одобрено, казнено поправната установа исто така треба да поднесе предлог за услови и обврски кои треба да се наметнат на лицето во случај на условно ослободување.
- Казнено поправната установа наведува и  предлог програма за тоа дали на осудените лица имаат место за живеење и вработување по отпустот, дали се потребни дополнителни подготовки за отпуст и колку време ќе биде потребно да се завршат.
- Затворот поднесува и копија од мислењето и на осудените лица.
- Молбата од осуденото лице, мислењето од затворот и сите изјави од осудените лица се испраќаат на органот што одлучува по извршувањето на санкциите (обвинителството).

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

## Подготовка за условен отпуст

**Улога на обвинителството во случај на условен отпуст**

- Обвинителството веднаш ги пренасочува молбата и изјавата на осуденото лице, како и, доколку е потребно извештајот за судот добиен од затворот, ажурирани податоци од казнена евиденција и сопствено мислење за предвремено отпуштање од затвор до судот.
- Ако судот го прекине извршувањето на преостанатиот дел од казната, јавното обвинителство има можност да поднесе итна жалба веднаш по добивање на известувањето за решението. Доколку обвинителството се одлучи да го стори тоа, треба за истата одлука веднаш да ја извести казнено поправната установа, без одложување, доколку е потребно и преку телефон.
- Временски ограничувања: Документите што треба да се испратат во случај на условен отпуст, извршниот орган (јавното обвинителство) треба да ги добие најдоцна:

(a) од повеќе од два месеци и до девет месеци, во рок од шест недели,

(b) За повеќе од девет месеци, две месеци пред да бидат издржани 2/3од казната.

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

# Подготовка за условен отпуст

**Улога на пробациската служба во случај на условен отпуст**

- Доколку судот изрече заштитен надзор, пробациската служба ќе биде веднаш информирана за содржината на решението од судот и за мислењето на казнено поправната установа. Доколку решението не е правосилно, мора посебно да се повикува на него. Судот што изрекол надзор од пробациската служба ќе го прифати или договори известувањето.

- Извршниот орган го известува пробацискиот службеник дека решението станало правосилно и во известувањето ќе приложи копија од решението на судот и мислењето на казнено поправната установа, доколку истите веќе не биле поднесени до пробацискиот службеник.

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

## Подготовка за условен отпуст

**Улога на пробациската служба во случај на условен отпуст**

- Казнено поправната установа работи на воспоставувањето контакт меѓу осудените лица и пробациската служба.
- Со цел да се обезбеди целосна помош, пробациската служба веднаш треба да воспостави контакт со затворот. Затворот и пробациската служба тесно соработуваат.

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**

# Подготовка за условен отпуст

**Улога на пробациската служба во случај на условен отпуст**

| Bundesland | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Baden-Württemb. | 19,74 % | 18,89 % | 15,92 % | 17,54 % |
| Bayern | 23,39 % | 20,25 % | 20,30 % | 20,00 % |
| Berlin | 7,72 % | 8,59 % | 7,01 % | 6,80 % |
| Brandenburg | 18,05 % | 21,84 % | 17,43 % | 19,92 % |
| Bremen | 15,84 % | 10,19 % | 24,10 % | 25,20 % |
| Hamburg | 18,38 % | 13,78 % | 13,85 % | 11,22 % |
| Hessen | 13,65 % | 14,15 % | 11,54 % | 12,18 % |
| Mecklenb.-Vorp. | 17,88 % | 16,40 % | 17,91 % | 12,38 % |
| Niedersachsen | 18,49 % | 17,38 % | 14,56 % | 14,19 % |
| Nordrhein-Westf. | 13,89 % | 12,57 % | 11,93 % | 13,98 % |
| Rheinland-Pfalz | 14,53 % | 15,15 % | 15,82 % | 12,65 % |
| Saarland | 23,46 % | 19,38 % | 16,25 % | 24,22 % |
| Sachsen | 12,47 % | 13,81 % | 14,83 % | 13,41 % |
| Sachsen-Anhalt | 12,29 % | 10,60 % | 10,82 % | 10,72 % |
| Schlesw.-Holst. | 22,94 % | 15,07 % | 17,65 % | 13,18 % |
| Thüringen | 19,46 % | 14,86 % | 14,92 % | 14,76 % |
| **Deutschland Gesamt** | **16,58 %** | **15,37 %** | **14,56 %** | **14,32 %** |

https://www.destatis.de/DE/Publikationen/Thematisch/Rechtspflege/StrafverfolgungVollzug/BestandGefangeneVerwahrte.html

**“Подготовката за отпуст почнува при приемот во затвор."**